**20260911384**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2026 година.

Бр. 08-2885/1
22 април 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 104/2000, 30/2001, 48/2001, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 109/2006, 18/2007, 36/2007, 88/2007, 106/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 45/2009, 67/2009, 14/10, 50/10, 156/10, 53/11, 166/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25 и 154/25), во член 5 став 1 во точката 10. зборовите: „лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита“ се заменуваат со зборовите: „лице со статус на бегалец, лице под супсидијарна заштита и лице под привремена заштита“.

Член 2

Во член 6 во ставот 1 зборовите: „лицата со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита“ се заменуваат со зборовите: „лицата со статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и лицата под привремена заштита“.

Член 3

Во член 60-а во ставот 1 алинејата 8 се менува и гласи:

„- ниво В2 стручен административен службеник од второ ниво (контролор во подрачна служба, стручен соработник во подрачна служба, стручен соработник во централа и деловен секретар во централа),“.

Алинејата 9 се менува и гласи:

„- ниво В3 стручен административен службеник од трето ниво (соработник во централа и соработник во подрачна служба),”.

Алинејата 10 се брише.

Алинејата 12 која станува алинеја 11, се менува и гласи:

„- ниво Г1 помошно-стручен административен службеник од прво ниво (самостоен референт - централа, самостоен референт и архивар - централа),”.

Алинејата 13 која станува алинеја 12, се менува и гласи:

„- ниво Г2 помошно-стручен административен службеник од второ ниво (референт во подрачна служба, архивар во подрачна служба).”.

Алинеите 14 и 15 се бришат.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членот 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.